Образец бр.1

План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлогот за донесување на закон: | Предлог на Закон за проценка |
| Министерство: | Министерство за правда |
| Лице за контакт: | Валентина Шаурек, државен советник за правосудство<br>Тел: 02/3 106 538/ 070 305 996 |
| Очекуван датум за усвојување на предлогот: | |
| Поврзаност со ЕУ директиви | |

Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата (забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Почетните точки за регулирање на дејноста проценка се согледуваат во потребата од законско уредување на наведената материја која е содржана во законот за трговски друштва, Законот за стечај, Законот за извршување, а истата остана законски неуредена по укинувањето на Агенцијата за приватизација.

- Кои се главните цели на предлогот за донесување на закон?

Целта на предложеното законско решение е регулирање на дејноста проценка, областите, условите и начинот на вршење на проценката, субјектите кои вршат проценка, условите и постапката за полагање на стручен испит за издавање или за одземање на лиценца за овластен проценител за вршење на дејност проценка од соодветна област, награда и надоместок на трошоците за извршената проценка, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората на проценители, како и други прашања со кои се уредува дејноста проценка, со што ќе се добие објективен степен на квалитет и компетентност кај проценителите, а проценките ќе бидат извршувани согласно утврдени методологии, правила и стандарди.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Опција 1:

Ако Владата на Република Македонија одлучи да предложи други решенија на Предлог на закон за проценка, Министерството за правда ќе ги разгледа.

Опција 2:

Донесување на Предлог- Законот за проценка со предложените решенија од Министерството за правда.

Со Предлог – Законот за проценка се создава прва регулатива во правниот систем, односно се создава единствена законска рамка за оваа област, а со самото тоа се избегнува контрадикторност меѓу правните материи во правниот систем како целина.

3. Кои се влијанијата што можат да произлезат од секое од можните решенија и кој е засегнат? Кои влијанија може да бараат дополнителни анализи (листа на влијанија е дефинирана во упатството)?

Со донесувањето на овој закон ќе се прецизира и конкретизира областа на проценката, со што ќе се овозможи навремено, ефикасно и стручно одвивање на дејствијата на проценка, во сите области предвидени со предложениот текст на закон.

Со одредбите од овој Законот целосно ќе се уреди материјата за вршење на дејност проценка и ќе се обезбеди уставото право за утврдување на пазарната вредност на предметот на проценка.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни? Кои дополнителни информации треба да се соберат? Како би се направило тоа (со внатрешни ресурси или пак со ангажирање надворешен консултант) и до кога? Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Со донесувањето на овој закон ќе се уреди дејноста проценка, со што ќе се овозможи навремено, ефикасно и стручно извршување на проценките, во сите случаи определени со закон, или по барање на заинтересираното лице - нарачател. За Предлог законот користени се компаративните сознанија и искуства од земјите членки на Европската Унија (Република Бугарија и Република Словенија).

Спроведена е иницијална проценка на влијанието на регулативата.

2. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата?

Беше формирана работна група со претставници од Министерството за правда, Министерството за Економија, Министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи.

| |
|---|
| Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите за проценка на влијанието на регулативата започнаа во јануари 2010 година, и траеја до мај 2010 година.

2. Доколку се планира формирање на меѓуресорска работна група, кога ќе се воспостави? Кои министерства ќе бидат поканети да се вклучат? Доколку не се планира формирањето на ваква меѓуресорска работна група, наведи ги причините.
   Беше формирана работна група со претставници од Министерството за правда, Министерството за Економија, Министерството за финансии и Службата за општи и заеднички работи .

3. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   Не

4. Која е планираната временска рамка за меѓу-ресорските консултации (по работната верзија на предлогот за донесување на закон и проценка на влијанието на регулативата)? Започнување? Завршување?
   Пред наредната седница на Генералниот колегиум.

5. Кога предлогот за донесување на закон и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Мај 2010 година.

6. Кога е планираниот датум за прифаќање на предлогот за донесување на закон? Која е очекуваната процедура?
   Предлог законот ќе биде усвоен според Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлогот за донесување на закон?

Донесувањето на предложениот текст на Закон , ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија, имајќи во предвид дека проценките во постапката за експропријација и оданочувањето ќе паднат на товар на Буџетот на Република Македонија. Износот на средства потребни за имплементирање на законот неможат да се проценат во овој момент.

Спроведувањето на законот ќе предизвика незначителни материјални обврски за пооделни министерства кои ќе бидат задолжени за изработка на подзаконските акти и за изработка и водење на регистри на проценители од соодвентата област и истите ќе се надоместат од буџетите на Министерствата. Спроведувањето на стручните испити ќе бидат на товар на самите кандидати.